камења и др. двата пати ги прогониле андарите. Вториот судир траел час и пол. Покрај овие три напади четата на Ставропулос во периодот октомври 1907 — август 1908 извршила уште десетина подли убиства на невиновни селани, од кои повеќето биле Власи.

Кон крајот на август, по наредба на Грчкиот конзулат во Солун четата на Ставропулос се јавила кај младотурските власти во Бер, каде била погостена. Оттука вооружена се вратила во Атина.

Во третиот дел (55 — 63) Ставропулос ја опишува својата дејност во Тракија, каде бил испратен да организира бунт (март — април 1909).

Четирите песни и трите документи, објавени во прилогот, се однесуваат за андарството, но не содржат ништо важно.

На стр. 54 Ставропулос споменува дека и тој учествувал во Балканската војна како скаутски војвода и дека андартската „борба" дала доста воени кадри за грчките скаутски чети, испратени во Македонија 1913 година. Со вакви и слични аргументи тој се мачи да ја оправда грчката вооружена пропаганда во Македонија, но ја наведува и следната мисла: „Ако некој ги оцени настаните од почетокот до крај ќе помисли дека се дадоа многу жртви за ништо". Ставропулос апологетски и неуспешно се обидува да го демантира ова тврдење, кое сепак ги побива баснословните пофалби и величења на т.н. „македонска борба". Тој не може да види дека слабите резултати на вооружените пропаганди биле една од причините, кои довеле до Балканските војни.

И овие спомени се полни со опис на патувањата на андартите, со секакви излишности и со ненаучни и пропагандни тврдења за народноста на македонското население и неговата борба за национална слобода.

На крајот може да се наведе дека оваа публикација, како и други, не е опремена со доволен научен и стручен апарат. Издавачите позволиле на пр. да се тврди дека Јон Драгумис бил грчки конзул во Битола и покрај тоа што се знае дека тој бил конзулски секретар. (стр. 1). И за овие спомени, како и за други, издавачите не наведуваат точно каде, кога и како биле пишувани тие. Тоа ни дава повод да кажеме дека издавачите слабо се грижат за едно стручно издавање на своите публикации и дека тие ги издаваат, главно, за пропагандни цели.

**Р. П.**

ΧΡΥΣΟΣΤΟΜΟΥ ΚΑΛΑΦΑΤΝ. ΜΝΤΡΟΠΟΛΙΤΟΥ ΔΡΑΜΑΣ ΕΚΘΕΣΕΙΣ ΠΕΡΙ ΤΟΥ ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΟΥ ΑΓΩΝΟΣ 1903 - 1907 ΕΠΙΜΕΛΕΙΑ ΒΑΣΙΛΕΙΟΥ ΛΑΘΟΥΡΔΑ ΠΡΟΠΟΓΟΣ ΣΤΙΠΠΩΝΟΣ Π. ΚΥΑΠΙΑΚΙΔΟΥ. ΕΤΑΙΡΕΙΑ ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΩΝ ΣΠΟΥΔΩΝ. ΙΔΡΥΜΑ ΜΕΛΕΤΩΝ ΧΕΡΣΟΝΗΣΟΥ ΤΟΥ ΑΙΜΟΥ ΘΕΣΣΑΝΟΝΙΚΙ 1960.

**(Хрисостому Калафати, митрополит во Драма. Извештаи за македонската борба. Редакција Василиу Лаурда, предговор Стилпон Кирјакидис. Друштво за Македонски студии, Институт за балкански проучувања,** Солун 1960 година, стр. 95.

Оваа публикација, всушност, е продолжение на публикациите од ист вид на споменатото друштво, со кои се стреми да ја оправда и ја увеличи вооружената интервенција на Грција односно вооружената дејност на грчките андартски чети во Македонија.

Во публикацијата Друштвото за македонски студии Солун, во избор публикува дел од извештаите, писмата на драмскиот митрополит Хрисостомос и други материјали кои се во врека со неговата дејност во време на неговото службување во улога на митрополит во Драма (мај 1902 — август 1907) и со неговото протерување од страна на турските власти кое уследи по барање од британската воена мисија во Драма.

Најголемиот број од публикуваните документи се однесуваат на вооружените акции на комитските чети во Драмско од 17 септември 1903 до 30 август 1907 година.

По повод нотата на Бугарската влада од 1903 година, односно по Илинденското востание упатена до големите сили во која, покрај другото, за тешката положба во Македонија ги обвинува грчките митрополити во Македонија, Хрисостомос достави опширен извештај до Вселенската патријар-

шија (17 септември 1903 год.). Со извештај тој сака да ја оправда вооружената интервенција на Грција во Македонија, сметајќи го тоа како легитимно право на територија која исклучиво и припаѓа на Грција. За да го аргументира тоа, тој изнесува податоци за бројот на патријаршиските и егзархиските општини, училишта, цркви, занаетчиски работилници, трговски фирми и друго, нивниот сооднос и сл.

Во извештајот од 21 март 1905 година доставен до генералниот конзул на Грција во Солун Ламброс Коромилас, митрополитот Хрисостомос известува за антигрчката дејност на група жители од с. Егри-Дере која што ја развиле по нивното ослободување од заточение. Оваа група селани, осудена од воениот суд во Солун на доживотна робија, поради нивното активно учество во Илинденското востание, а ослободена од општата амнестија, успеала да ги мобилизира сите селани од спомнатото село за издејствување наредба од Хилми паша за назначување на нивни човек за мухтар во селото. Во врска со тоа митрополитот Хрисостомос ги изнесува преземените од него акции и бара од Вселенската патријаршија и од конзулот Коромилас енергично да се заземат за повлекување на споменатата наредба на Хилми паша.

Митрополитот Хрисостомос во своите извештаи и писма остро го напаѓа патријархот Јоаким III поради неговата политика по македонското прашање.

Во извештајот бр. 13 се зборува за румунската пропаганда во Драмско предводена од Киро Фицо и за настојуванијата за формирање на влашка општина во Драма. Истакнувајќи ја опасноста за Грците од влашката пропаганда, Хрисостомос бара решителни мерки за сузбивање на истата.

Конзулот на Грција во Серес Ѓоргис Сактурис во своите писма (доку. бр. 14 и 15) испратени до министерот за надворешни работи на Грција во Атина ја изнесува содржината на разговорот што го водел со Хилми паша во врска со дејноста и држењето на грчките митрополити во Македонија. Конкретно за драмскиот митрополит Хрисостомос, Хилми паша, покрај другото, му рекол дека тој се поврзал со вооружените грчки андартски чети и други злосторници и лично ги поттикнувал, ги организира и раководи нивните вооружени акции против месното население, со што го нарушува редот и мирот во земјата.

Документот бр. 16 од 22 септември 1907 година е извештај на Хрисостомос доставен до Вселенскиот патријарх Јоаким III кого го известува за „антигрчка" дејност на членот на англиската воена мисија во Драма пуковникот Еллиот и за случајот околу неговото киднапирање.

Документот бр. 19 е новинарски допис од Драма објавен во грчкиот весник „ПАТРИС" (татковина м.п) во Атина во кој е коментирана наредбата на Турската влада за протерување на митрополитот Хрисостомос од Драма поради неговото непосредно ангажирање во организирањето, раководењето и снабдувањето на андартските чети во Драмско.

Писмото (док. бр. 21) од јули 1907 година, митрополитот Хрисостомос го упатува до архиепископот на англиканската црква Архивалд. Писмото е пишувано по повод десетгодишнината од Конгресот во Ламберт на епископите на спомнатата црква, во кој била истакната потребата од обединувањето на сите христијански цркви. Хрисостомос во писмото. покрај другото, го потсетува архиепископот Архивалд за одлуките на спомнатиот Конгрес. Тој со ова писмо сака да го предизвика интересот на англиканската црква за положбата во Македонија и интервенција кај Англиската влада за воспоставување ред во Македонија кој би ѝ одговарал на Грција. Хрисостомос заклучува, од ставот на англиската воена мисија во Македонија дека англиканската црква не презела никакви акции кај Британската влада.

Документот бр. 22 е објавеното соопштение на 10 октомври 1907 година од цариградскиот дописник на телеграфската париска агенција „L' Information", во кое соопштува дека положбата на митрополитот Хрисостомос е сериозно загрозена, бидејќи конфискуваните повеќе од 50 писма и други материјали го докажуваат неговото активно учество во грчкото андартско движење во Драмско. Покрај писмата, конфискувани биле и списоци, расписки и слично на офицери од грчката регуларна армија назначени за војводи на грчките андарт-

ски чети, како и белешки за исплатените нивни официрски принадлежности од Грчката влада.

На крајот од публикацијата поместени се извештаите на дипломатските претставници на Велика Британија кои се однесуваат на дејноста на митрополитот Хрисостомос и дел од конфискуваните писма.

Во извештајот на Барцлау до сир Едверд го запознава со информациите што ги добил од полковникот Еллиот за страшната положба во Драмска околија за која одговорноста ја сносат митрополитот Хрисостомос и грчкиот конзул во Кавала.

Во продолжение е поместен меморандумот на англискиот полковник Еллиот до претседателот на Грчката влада Теотокис, од 24 октомври 1906 година, во кој опширно ја изнесува тешката положба во Драмско за која ги обвинува митрополитот Хрисостомос и грчкиот конзул во Кавала.

И покрај тоа што во публикацијата се поместени материјали по избор, сметам дека истата заслужува внимание, бидејќи извештаите и другите материјали, даваат податоци за борбите на странските пропаганди во Македонија, нивната вооружена активност, страдањата на македонскиот народ, ставот на дипломатските и другите мисии на големите сили и други податоци.

Р. К.

**И. Г. Сенкевич — Из истории освободительной борьбы в западной Македонии и Косове в 1878 — 1881 г. — „Славянское источниковедение". Москва 1965**

Од советските историчари И. Г. Сенкевич и К. Л. Струкова објавена е една статија и ценети архивски материјали — извештаи на руските конзули во споменатото списание од страна 82-108, 262-284 и од страна 285-320. Овие се извештаи на руските конзули од Скопје, Битола, Солун, Призрен и Цариград, до сега необјавени, кои фрлаат една нова светлина на настаните од национално-ослободителното движење на населението од Западна Македонија и Косово, во времето на одржување на Берлинскиот конгрес.

И. Г. Сенкевич е позната и со низа статии и пообемни трудови, објавени во разните стручни списанија и публикации од Академијата на науките на СССР во Москва. Во сите свои трудови, Сенкевич е доследна на марксистичкото толкување на настаните. Таа со свои трудови и објективното толкување придонела да се разјаснат некои проблеми на историја на Албанците. Како во поранешните трудови, така и во оваа статија, авторот настојува да ја прикаже заедничката борба на поробените балкански народи против турското ропство, во материјалите да ги бара заедничките врски и да ги прикажува во своите трудови.

Во оваа статија, авторот ги опишува настаните во Западна Македонија во времето на Кресненско-Разлошкото востание, за кои тврди дека се израз на незадоволство на населението од овие краишта со одлуките на големите сили во Берлин. Кај нас досега се знаеше сосема површно за овие настани, кои ги осветлуваат необјавените документи од руските архиви. Објавените документи недвосмислено зборуваат, национално-ослободителното движење во голема мерка ги зафатило и западните краишта на Македонија. Од извештаите на рускиот конзул во Солун Улјанов, при крајот на 1878 година, се гледа дека во Македонија се чувствувало двострано влијание, како од грчката Патријаршија, така и од бугарската Егзархија, Улјанов забележува дека во Западна Македонија преовладувало грчкото влијание. Но без оглед на странското влијание, како и на социјално-економските прилики, одлуките на Берлинскиот конгрес го покренале незадоволното население од Западна Македонија и Косово на вооруженото спротивставување на тие одлуки. Улјанов забележува дека во овие краишта дејствувале бугарско-македонски комитети.

Според извештаите на Улјанов, во пролетта 1879 год. во Западна Македонија се појавиле вооружени чети, кои претставувале страв за турските властодршци. Четите се движеле во Тиквешијата и Мариово и биле поделени на две групи. Една група под команда на Поп Коста од село Буф се движела помеѓу Штип и Неготино, другата група била раководена од војводи: Караискаки, Хаџи Ставро, Ва-